Врз основа на член 89 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 80/93, 14/95, 53/97, 21/98, 25/2000, 34/2000, 3/2001 и 50/2001) и член 5 од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност („Службен весник на РМ“ бр. 39/94, 47/2000 и 73/2001), министерот за внатрешни работи и Македонскиот Полициски Синдикат, склучуваат

**С П О Г О Д Б А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Член 1

Важноста на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, склучен на 30.12.1997 година, се продолжува за време од една година, сметано од 30.12.2002 година.

Член 2

Комисијата за следење и примена на овој колективен договор да предложи измена и дополнувања на истиот согласно измените и дополнувањата на Законот за работни односи, Законот за внатрешни работи, Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност и потребите од новонастанатите односи и услови во работењето.

Член 3

Оваа спогодба се регистрира во Министерството за труд и социјална политика, се евидентира во Сојузот на синдикатите на Македонија, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0406-324
23 декември 2002 година
Скопје

Македонски Полициски Синдикат
Претседател,
**Тихомир Климоски,** с.р.

Бр. 161-57229/1
26 декември 2002 година
Скопје

Министерство за
внатрешни работи
на Република Македонија
Министер,
**Хари Костов**, с.р.